Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

– Сектор за правни работи–

Трговско друштво за производство, промет и услуги МИНАКО ДОО увоз-извоз
Бр. 03-70/11
20.10.2022 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-10865/1
Датум: 18-10-2022

Друштво за производство, промет и услуги ДАУТИ КОМЕРЦ АД увоз-извоз
Бр. 05-3346/1
20.10.2022 год.
с.Бојане-Сарај

Друштво за производство,трговија и услуги ЛИДЕР Р-98 ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 14-07/22
18.10.2022 год.
Кочани

РАМКОВНА СПОГОДБА

**за јавна набавка на стоки - потрошни материјали за одржување на хигиена**

**Склучена помеѓу:**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр. 12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии (во натамошниот текст: **договорен орган**), од една страна и

1. Друштво за производство, трговија и услуги ЛИДЕР Р-98 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, со седиште на ул. „Украинска", бр. 42, во Кочани, претставувано од Ристе Величков, управител, (во натамошниот текст: **носител на набавката**), од друга страна;

2. Трговско друштво за производство, промет и услуги МИНАКО ДОО увоз извоз Скопје, со седиште на ул. „Орце Николов", бр.182а, во Скопје, претставувано од м-р Анита Максимовска Радеска, управител, (во натамошниот текст: **носител на набавката**), од друга страна; и

3. Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз ДАУТИ КОМЕРЦ АД с.Бојане оптина Сарај, со седиште на ул. „1723", бр.20 Сарај, Скопје, претставувано од Џемаил Даути, управител, (во натамошниот текст: **носител на набавката**), од друга страна.

ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 1

Оваа рамковна спогодба се склучува по спроведена поедноставена отворена постапка за јавна набавка по оглас бр. 14412/2022, а во согласност со прифатените понуди на носителите на набавката.


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup | +389 2 3255 631 www.finance.gov.mk | МФРСМ.Ф.8.4/13-15 издание 4

Предмет на оваа рамковна спогодба е регулирање на правата и обврските помеѓу страните, а заради извршување на јавната набавка на стоки – потрошни материјали за одржување на хигиена.

Предметот на оваа рамковна спогодба ќе се извршува сукцесивно според потребите на договорниот орган, а по претходно доставени писмени нарачки од негова страна.

Писмените нарачки ќе се доделуваат без повторно прибирање на понуди од носителите на набавката - страни во рамковната спогодба во зависност од потребите на договорниот орган.

При порачување на секоја од ставките договорниот орган ќе даде предност на носителите на набавката кои понудиле најниска цена за ставката/позицијата која што му е потребна на договорниот орган во конкретното барање, односно нарачка, согласно со рангирањето во листата на цени по видови потрошни материјали која е прилог кон рамковната спогодба.

Поединечниот договор врз основа на рамковна спогодба се склучува во писмена форма, а ефект на договор може да има и нарачка, доколку ги има сите суштествени состојки на договорот.

Писмените нарачки се склучуваат пред истекот на рокот на важност на рамковната спогодба.

Составен дел на оваа рамковна спогодба се техничките понуди и листата на цени по видови на потрошни материјали.

### Член 2

Единечните цени од ранг листата (прилог кон рамковната спогодба) без пресметан данок на додадена вредност за потрошните материјали за тоалети се фиксни и непроменливи за целото времетраење на рамковната спогодба и ги опфаќаат сите трошоци што ги имааат носителите на набавката до испораката на локацијата посочена од договорниот орган.

На единечните цени од листата на цени ќе се пресметува данок на додадена вредност по пропишана стапка согласно со закон.

## ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

### Член 3

Вкупната максимална вредност на рамковната спогодба согласно со предвидените средства на договорниот орган изнесува: 750.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

На вкупната максимална вредност се пресметува данок на додадена вредност според законски пропишаната стапка.

Договорниот орган нема обврска да го реализира целиот износ од став 1 на овој член.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАМКОВНА СПОГОДБА

### Член 4

Оваа рамковна спогодба се склучува за период од 1 (една) година, сметано од денот на потпишувањето на спогодбата од сите страни, или до целосно искористување на максималната вредност од член 3, став 1 од оваа спогодба, во зависност од тоа кој услов прв ќе се исполни.

## НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИСПОРАКА

### Член 5

Испораката на потрошниот материјал за тоалети предмет на рамковната спогодба ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган, по претходно доставени нарачки до носителите на набавката во кои ќе бидат содржани вид и количина на потрошниот материјал што се порачува, единечна мера, место на испорака, рок на испорака и лице за прием на материјалите.

Испораката на потрошниот материјал за тоалети ќе се врши во седиштето на Министерството за финансии на ул.„Даме Груев“ бр.12 Скопје.

### Член 6

Рокот за испорака на нарачаниот потрошен материјал за тоалети е до 2 (два) работни денови од денот на приемот на порачката.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

### Член 7

Договорниот орган се обврзува на носителите на набавката да им ги обезбеди сите информации, неопходни податоци и непречен пристап во врска со предметот на рамковната спогодба, за времетраењето на рамковната спогодба.

Договорниот орган е должен потписниците на рамковната спогодба да ги извести за лицата определени за реализација рамковната спогодба.

Договорниот орган е должен да го врши плаќањето на начин согласно со член 9 од оваа рамковна спогодба.

Член 8

Носителите на набавката се обврзуваат дека ќе ја вршат испораката редовно, навремено и квалитетно согласно со прифатената понуда.

Носителите на набавката се обврзуваат дека потрошните материјали што ќе ги испорачуваат ќе бидат од типот и производителите што ги посочиле во понудата и ќе ги имаат истите технички карактеристики, како наведените во понудата прилог кон рамковната спогодба.

Носителите на набавката се обврзуваат да се придржуваат кон рокот за испорака на потрошните материјали кој е дефиниран во член 6 на оваа рамковна спогодба.

Носителите на набавката се обврзуваат да извршат замена на потрошниот материјал што договорниот орган ќе го рекламира.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Договорниот орган плаќањето ќе го врши по секоја испорака на потрошниот материјал - предмет на рамковната спогодба извршена врз основа на негова нарачка во рок од 30 календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата кон која се приложени уредно потпишани испратници.

Доколку фактурата не ги содржи сите потребни податоци и во прилог не се доставени бараните документи, таа ќе биде вратена на доофомување или докомплетирање.

## ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 10

За секој ден доцнење во извршувањето на испораката од страна на носителите на набавката, носителите на набавката се обврзуваат на договорниот орган да му платат казна во висина од 0,5% од вредноста на поединечната набавка.

Обврската за исплата на казната од став 1 на овој член носителите на набавката се должни да ја вкалкулираат, т.е. одбијат од вкупната вредност на поединечната набавка за која имале доцнење.

Вкупната договорна казна не може да надмине 5% од износот на неизвршената нарачка.

Договорниот орган нема да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврските од другата договорна страна или да ја раскине рамковната спогодба.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

### Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да ја раскине рамковната спогодба, а во секој случај има право на надомест на штетата.

### Член 12

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителите на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да ја раскине рамковната спогодба.

Рамковната спогодба се смета за раскината со денот на приемот на писменото известување за раскинување.

### Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон другата страна за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на оваа рамковна спогодба кои се предизвикани од „виша сила“.

Под „виша сила“ се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранувањето на вишата сила, рамковната спогодба продолжува да се реализира.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 14

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од оваа рамковна спогодба само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување на рамковната спогодба е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од оваа рамковна спогодба можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на рамковна спогодба, во согласност со Законот за јавните набавки.

Кога едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да ја раскине рамковната спогодба.

### Член 15

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот суд во Скопје.

За се што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавните набавки и другите позитивни прописи.

### Член 16

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализација на овој договор, соодветно се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 17

Оваа рамковна спогодба е составена во 8 (осум) истоветни примероци од кои по 2 (два) примерока за секој потписник на спогодбата.

ПОТПИСНИЦИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА:

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Dr. Fatmir Besimi
МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ

НОСИТЕЛИ НА НАБАВКАТА:

Трговско друштво за производство, промет и услуги
МИНАКО ДОО увоз извоз
СКОПЈЕ

м-р Анита Максимовска Радеска
Управител

Друштво за производство, трговија и услуги ЛИДЕР Р-98 ДООЕЛ
увоз-извоз Кочани
КОЧАНИ

Ристе Величков
Управител

Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз ДАУТИ КОМЕРЦ АД
с.Бојане оптина Сарај
СКОПЈЕ

Џемаил Даути
Управител

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

Прилог кон рамковна спогодба по оглас 14412/2022

**Ранг листата на цени од прифатливите понуди по видови на потрошни материјали**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| РБ. | РАНГ | ОПИС | ЕДИНИЦА МЕРКА | КОЛИЧИНА | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | СТРАНА НА РАМКОВНА СПОГОДБА |
| 1 | 1 | Средство за чистење на стаклени површини, парфем, пумпа за распрскување, од 500 мл со 1л. | литар | 1 | 43.125 | **Даути** |
| 1 | 2 | Средство за чистење на стаклени површини, парфем, пумпа за распрскување, од 500 мл со 1л. | литар | 1 | 55.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3 | Средство за чистење на стаклени површини, парфем, пумпа за распрскување, од 500 мл со 1л. | литар | 1 | 76.270 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 2 | 1 | Средство за чистење тоалет и санитарија, за одстранување на бигор, тврдокорни нечистотии и бактерии, пакување од 0,5л-1 литар. | литар | 1 | 55.000 | **Лидер** |
| 2 | 2 | Средство за чистење тоалет и санитарија, за одстранување на бигор, тврдокорни нечистотии и бактерии, пакување од 0,5л-1 литар. | литар | 1 | 63.250 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 3 | Средство за чистење тоалет и санитарија, за одстранување на бигор, тврдокорни нечистотии и бактерии, пакување од 0,5л-1 литар. | литар | 1 | 80,51 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 3 | 1 | Средство за отпушување на одводи од 500 мл до 1л. | литар | 1 | 32.000 | **Лидер** |
| 3 | 2 | Средство за отпушување на одводи од 500 мл до 1л. | литар | 1 | 80.510 | **Минако** |
| 3 | 3 | Средство за отпушување на одводи од 500 мл до 1л. | литар | 1 | 111.550 | **Даути** |
| | | | | | | |
| 4 | 1 | Средство за рачно миење на садови, во пакување до 1л. | литар | 1 | 34.500 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | 2 | Средство за рачно миење на садови, во пакување до 1л. | литар | 1 | 55.080 | **Минако** |
| 4 | 3 | Средство за рачно миење на садови, во пакување до 1л. | литар | 1 | 59.000 | **Лидер** |
| | | | | | | |
| 5 | 1 | Прашак за рачно перење, пакување до 1кг. | килограм | 1 | 7.475 | **Даути** |
| 5 | 2 | Прашак за рачно перење, пакување до 1кг. | килограм | 1 | 55.000 | **Лидер** |
| 5 | 3 | Прашак за рачно перење, пакување до 1кг. | килограм | 1 | 127.120 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 6 | 1 | Солна киселина, 16-20% раствор на HCl, пакување од 0,5 до 1л | литар | 1 | 25.300 | **Даути** |
| 6 | 2 | Солна киселина, 16 20% раствор на HCl, пакување од 0,5 до 1л | литар | 1 | 34.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | 3 | Солна киселина, 16-20% раствор на $HCl$, пакување од 0,5 до 1л | литар | 1 | 38.140 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 7 | 1 | Средства за чистење на ламинат, во пакување од 0,3-1,0 литар | литар | 1 | 55.000 | **Лидер** |
| 7 | 2 | Средства за чистење на ламинат, во пакување од 0,3-1,0 литар | литар | 1 | 58.650 | **Даути** |
| 7 | 3 | Средства за чистење на ламинат, во пакување од 0,3-1,0 литар | литар | 1 | 127.120 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 8 | 1 | Средство за чистење на плочки, пакување од 0,5-1 литар | литар | 1 | 47.150 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 2 | Средство за чистење на плочки, пакување од 0,5-1 литар | литар | 1 | 55.000 | **Лидер** |
| 8 | 3 | Средство за чистење на плочки, пакување од 0,5-1 литар | литар | 1 | 101.690 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 9 | 1 | Течен сапун за миење на раце со ph неутрален фактор, антибактериски, во пакување од 0,3-1,0 литар со пумпица | литар | 1 | 58.650 | **Даути** |
| 9 | 2 | Течен сапун за миење на раце со ph неутрален фактор, антибактериски, во пакување од 0,3-1,0 литар со пумпица | литар | 1 | 67.790 | **Минако** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 3 | Течен сапун за миење на раце со ph неутрален фактор, антибактериски, во пакување од 0,3-1,0 литар со пумпица | литар | 1 | 79.000 | **Лидер** |
| | | | | | | |
| 10 | 1 | Пена за миење на раце со висок PH неутрален фактор и антибактериски својства, во туба од 4 до 5 литри | литар | 1 | 33.350 | **Даути** |
| 10 | 2 | Пена за миење на раце со висок PH неутрален фактор и антибактериски својства, во туба од 4 до 5 литри | литар | 1 | 59.320 | **Минако** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 3 | Пена за миење на раце со висок PH неутрален фактор и антибактериски својства, во туба од 4 до 5 литри | литар | 1 | 79.000 | **Лидер** |
| | | | | | | |
| 11 | 1 | Средство за хигиенско миење на раце со висок степен на заштита, антибактериски без боја и мирис, пакување од најмалку 1 литар | литар | 1 | 49.000 | **Лидер** |
| 11 | 2 | Средство за хигиенско миење на раце со висок степен на заштита, антибактериски без боја и мирис, пакување од најмалку 1 литар | литар | 1 | 58.650 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | 3 | Средство за хигиенско миење на раце со висок степен на заштита, антибактериски без боја и мирис, пакување од најмалку 1 литар | литар | 1 | 211.860 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 12 | 1 | Освежувач на простории во пакување од 270 ml со распрскувач | парче | 1 | 125.000 | **Лидер** |
| 12 | 2 | Освежувач на простории во пакување од 270 ml со распрскувач | парче | 1 | 381.360 | **Минако** |
| 12 | 3 | Освежувач на простории во пакување од 270 ml со распрскувач | парче | 1 | 502.550 | **Даути** |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | 1 | Крпи за бришење со моќ на впивање на течност, со димензии 200x190x4 mm +/- 20% | парче | 1 | 12.710 | **Минако** |
| 13 | 2 | Крпи за бришење со моќ на впивање на течност, со димензии 200x190x4 mm +/- 20% | парче | 1 | 15.000 | **Лидер** |
| 13 | 3 | Крпи за бришење со моќ на впивање на течност, со димензии 200x190x4 mm +/- 20% | парче | 1 | 22.425 | **Даути** |
| | | | | | | |
| 14 | 1 | Крпи за чистење на маси и други површини (микрофибер), со димензии 330x330 мм +/- 20% | парче | 1 | 28.750 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | 2 | Крпи за чистење на маси и други површини (микрофибер), со димензии 330x330 мм +/- 20% | парче | 1 | 30.000 | **Лидер** |
| 14 | 3 | Крпи за чистење на маси и други површини (микрофибер), со димензии 330x330 мм +/- 20% | парче | 1 | 84.740 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 15 | 1 | Сунѓери со абразивна подлога за миење на садови, димензии мин. 9x5 cm | парче | 1 | 5.750 | **Даути** |
| 15 | 2 | Сунѓери со абразивна подлога за миење на садови, димензии мин. 9x5 cm | парче | 1 | 6.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | 3 | Сунѓери со абразивна подлога за миење на садови, димензии мин. 9x5 cm | парче | 1 | 33.900 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 16 | 1 | Нерѓосувачка жица за садови | парче | 1 | 10.000 | **Лидер** |
| 16 | 2 | Нерѓосувачка жица за садови | парче | 1 | 12.650 | **Даути** |
| 16 | 3 | Нерѓосувачка жица за садови | парче | 1 | 25.420 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 17 | 1 | Ракавици гумени хигиеничарски големина L | пар | 1 | 8.050 | **Даути** |
| 17 | 2 | Ракавици гумени хигиеничарски големина L | пар | 1 | 46.610 | **Минако** |
| 17 | 3 | Ракавици гумени хигиеничарски големина L | пар | 1 | 48.000 | **Лидер** |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | 1 | Тоалетна хартија-листови 100% целулоза, бела боја, минимум двослојна со мин.200 листа во сет и грамажа на м2 од најмалку 15. | сет | 1 | 46.000 | **Даути** |
| 18 | 2 | Тоалетна хартија-листови 100% целулоза, бела боја, минимум двослојна со мин.200 листа во сет и грамажа на м2 од најмалку 15. | сет | 1 | 46.610 | **Минако** |
| 18 | 3 | Тоалетна хартија-листови 100% целулоза, бела боја, минимум двослојна со мин.200 листа во сет и грамажа на м2 од најмалку 15. | сет | 1 | 49.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 1 | Бришачи за раце-листови, 100% целулоза, бела боја минимум двослојна со минимум 200 листа во сет и грамажа на м2 од 16-18. | сет | 1 | 76.27 | **Минако** |
| 19 | 2 | Бришачи за раце-листови, 100% целулоза, бела боја минимум двослојна со минимум 200 листа во сет и грамажа на м2 од 16-18. | сет | 1 | 77.050 | **Даути** |
| 19 | 3 | Бришачи за раце-листови, 100% целулоза, бела боја минимум двослојна со минимум 200 листа во сет и грамажа на м2 од 16-18. | сет | 1 | 96.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | 1 | Вреќи за отпад, ПВЦ, големи од 90 до 120 литри, од мин. 10 во пакување | парче | 1 | 4.025 | **Даути** |
| 20 | 2 | Вреќи за отпад, ПВЦ, големи од 90 до 120 литри, од мин. 10 во пакување | парче | 1 | 9.500 | **Лидер** |
| 20 | 3 | Вреќи за отпад, ПВЦ, големи од 90 до 120 литри, од мин. 10 во пакување | парче | 1 | 42,37 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 21 | 1 | Вреќи за отпад, ПВЦ, мали од 55 до 60 литри од мин. 10 во пакување | парче | 1 | 1.840 | **Даути** |
| 21 | 2 | Вреќи за отпад, ПВЦ, мали од 55 до 60 литри од мин. 10 во пакување | парче | 1 | 6.000 | **Лидер** |
| 21 | 3 | Вреќи за отпад, ПВЦ, мали од 55 до 60 литри од мин. 10 во пакување | парче | 1 | 63.560 | **Минако** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | 1 | Облоги за ВЦ даска, водотопна, бела боја со број на прекривки од најмногу 200, грамажа на м2 од најмногу 16,5 | сет | 1 | 225.400 | **Даути** |
| 22 | 2 | Облоги за ВЦ даска, водотопна, бела боја со број на прекривки од најмногу 200, грамажа на м2 од најмногу 16,5 | сет | 1 | 381.360 | **Минако** |
| 22 | 3 | Облоги за ВЦ даска, водотопна, бела боја со број на прекривки од најмногу 200, грамажа на м2 од најмногу 16,5 | сет | 1 | 400.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | 1 | Метла со пластична со рачка со димензии на рачка од 80 cm до 120 cm и димензии на делот за чистење од 25 cm до 35 cm | парче | 1 | 90.000 | **Лидер** |
| 23 | 2 | Метла со пластична со рачка со димензии на рачка од 80 cm до 120 cm и димензии на делот за чистење од 25 cm до 35 cm | парче | 1 | 101.700 | **Минако** |
| 23 | 3 | Метла со пластична со рачка со димензии на рачка од 80 cm до 120 cm и димензии на делот за чистење од 25 cm до 35 cm | парче | 1 | 117.300 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | 1 | Четка за собирање на пајажина со димензии на рачка од 80 cm до 120 cm | парче | 1 | 70.000 | **Лидер** |
| 24 | 2 | Четка за собирање на пајажина со димензии на рачка од 80 cm до 120 cm | парче | 1 | 80.500 | **Даути** |
| 24 | 3 | Четка за собирање на пајажина со димензии на рачка од 80 cm до 120 cm | парче | 1 | 127.120 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 25 | 1 | ПВЦ четка за чистење на WC шоља | парче | 1 | 40.000 | **Лидер** |
| 25 | 2 | ПВЦ четка за чистење на WC шоља | парче | 1 | 47.150 | **Даути** |
| 25 | 3 | ПВЦ четка за чистење на WC шоља | парче | 1 | 67.790 | **Минако** |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | 1 | Џогер (ПВЦ дршка со висина мин.140 cm Стандарден сунгер мин. 28/9 cm.) | парче | 1 | 130.000 | **Лидер** |
| 26 | 2 | Џогер (ПВЦ дршка со висина мин.140 cm Стандарден сунгер мин. 28/9 cm.) | парче | 1 | 136.850 | **Даути** |
| 26 | 3 | Џогер (ПВЦ дршка со висина мин.140 cm Стандарден сунгер мин. 28/9 cm.) | парче | 1 | 152.540 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 27 | 1 | Стандарден сунгер за џогер за чистење на подови (резерва) мин.28/9 cm. | парче | 1 | 47.150 | **Даути** |
| 27 | 2 | Стандарден сунгер за џогер за чистење на подови (резерва) мин.28/9 cm. | парче | 1 | 68.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | 3 | Стандарден сунгер за џогер за чистење на подови (резерва) мин.28/9 cm. | парче | 1 | 118.640 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 28 | 1 | Канти за ѓубре со капак од мин. 50л., пластични и со педал | парче | 1 | 165.000 | **Лидер** |
| 28 | 2 | Канти за ѓубре со капак од мин. 50л., пластични и со педал | парче | 1 | 779.700 | **Даути** |
| 28 | 3 | Канти за ѓубре со капак од мин. 50л., пластични и со педал | парче | 1 | 1,101.700 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 29 | 1 | Лопатче за отпад, ПВЦ- ширина мин. 20 cm., висина мин. 30 cm | парче | 1 | 25.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | 2 | Лопатче за отпад, ПВЦ- ширина мин. 20 cm., висина мин. 30 cm | парче | 1 | 28.750 | **Даути** |
| 29 | 3 | Лопатче за отпад, ПВЦ- ширина мин. 20 cm., висина мин. 30 cm | парче | 1 | 42.370 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 30 | 1 | ПВЦ Кофа од тврда пластика со рачка, запремнина 15 литри | парче | 1 | 100.000 | **Лидер** |
| 30 | 2 | ПВЦ Кофа од тврда пластика со рачка, запремнина 15 литри | парче | 1 | 118.640 | **Минако** |
| 30 | 3 | ПВЦ Кофа од тврда пластика со рачка, запремнина 15 литри | парче | 1 | 135.700 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 31 | 1 | Течен концентрат за чистење и за дезинфекција 5% со состојки 100мл раствор да содржи 5,0g бензалкониум хлорид и помошни состојки етанол 96%, мирисна компонента, пакување од 0,5л-1 литар | литар | 1 | 57.500 | **Даути** |
| 31 | 2 | Течен концентрат за чистење и за дезинфекција 5% со состојки 100мл раствор да содржи 5,0g бензалкониум хлорид и помошни состојки етанол 96%, мирисна компонента, пакување од 0,5л-1 литар | литар | 1 | 110.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 31 | 3 | Течен концентрат за чистење и за дезинфекција 5% со состојки 100мл раствор да содржи 5,0g бензалкониум хлорид и помошни состојки етанол 96%, мирисна компонента, пакување од 0,5л-1 литар | литар | 1 | 254.240 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 32 | 1 | Машинско средство за миење садови и чаши од 10 литри | литар | 1 | 98.000 | **Лидер** |
| 32 | 2 | Машинско средство за миење садови и чаши од 10 литри | литар | 1 | 103.500 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | 3 | Машинско средство за миење садови и чаши од 10 литри | литар | 1 | 127,12 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 33 | 1 | Рачка за мопа со минимум 150 см со мопа памучна со должина од 40 до 45 см | парче | 1 | 130.000 | **Лидер** |
| 33 | 2 | Рачка за мопа со минимум 150 см со мопа памучна со должина од 40 до 45 см | парче | 1 | 146.050 | **Даути** |
| 33 | 3 | Рачка за мопа со минимум 150 см со мопа памучна со должина од 40 до 45 см | парче | 1 | 423.730 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 34 | 1 | Мопа памучна со должина од 40 до 45 см (мала) | парче | 1 | 29.325 | **Даути** |
| 34 | 2 | Мопа памучна со должина од 40 до 45 см (мала) | парче | 1 | 79.000 | **Лидер** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | 3 | Мопа памучна со должина од 40 до 45 см (мала) | парче | 1 | 127.120 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 35 | 1 | Прашок за машинско перење бели алишта, 30 до 90 степени целзиусови | килограм | 1 | 53.000 | **Лидер** |
| 35 | 2 | Прашок за машинско перење бели алишта, 30 до 90 степени целзиусови | килограм | 1 | 54.050 | **Даути** |
| 35 | 3 | Прашок за машинско перење бели алишта, 30 до 90 степени целзиусови | килограм | 1 | 84.740 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 36 | 1 | Инокс четка за чистење на WC шоља | парче | 1 | 55.000 | **Лидер** |
| 36 | 2 | Инокс четка за чистење на WC шоља | парче | 1 | 287.500 | **Даути** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | 3 | Инокс четка за чистење на WC шоља | парче | 1 | 423.730 | **Минако** |
| | | | | | | |
| 37 | 1 | Таблетирана сол | килограм | 1 | 30.000 | **Лидер** |
| 37 | 2 | Таблетирана сол | килограм | 1 | 62.100 | **Даути** |
| 37 | 3 | Таблетирана сол | килограм | 1 | 67.790 | **Минако** |